Врз основа на член 52, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 и 24/2013) и членовите 223 и 224 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 12. седница одржана на 10.9.2013 година, го утврди следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии (пречистен текст)*

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 2**

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишуваат, како редовни студенти финансирани од државата и редовни и вонредни студенти со кофинансирање на студиите, државјани на РМ кои средното образование го завршиле во Република Македонија, како и иселеници и државјани на РМ кои целокупното образование го завршиле во странство и државјани на РМ кои дел од средното образование завршиле во странство.

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се запишуваат и студенти-странски државјани, студенти-странски државјани кои се стипендисти на Владата на РМ, како и студенти со завршени циклуси на високото образование на високообразовни установи во РМ и во странство.

### Прв циклус на студии

***Право за пријавување на конкурс за запишување на прв циклус универзитетски студии***

**Член 3**

Право за пријавување за запишување на прв циклус академски и стручни студии има лице кое положило државна матура или меѓународна матура.

Ако на конкурсот за запишување студенти на прв циклус универзитетски и стручни студии во првиот уписен рок не се јават доволен број кандидати кои ги исполнуваат условите од ставот 1 на овој член, право на запишување на прв циклус студии можат да имаат и лицата кои положиле училишна матура во гимназиско образование или завршен испит по завршено соодветно стручно средно образование со четиригодишно траење.

Право за пријавување за запишување на прв циклус универзитетски студии од областа на уметностите има лице кое положило државна матура, меѓународна матура или училишна матура во уметничко образование.

На студиите на кои е предвидено да се полага приемен испит, освен условите од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, кандидатите треба да го положат и приемниот испит.

Носителот на студиската програма одлучува кои средношколски програми се соодветни за запишување на одделни студии од прв циклус, ако тоа не е утврдено во студиската програма.

По исклучок, на студии можат да се пријават за запишување и лица без претходно завршено четиригодишно средно образование, ако станува збор за исклучително надарени лица, под услов тоа образование да го стекнат најдоцна до освоени 120 кредити. Во спротивно, немаат право да запишуваат кредити до завршување на претходното образование.

Согласност за запишување кандидати од претходниот став дава Универзитетската конкурсна комисија, по предлог на комисијата за проверка на претходното учење на единицата која ја спроведува студиската програма на која кандидатот конкурира.

***Право на упис на прв циклус студии***

**Член 4**

Право на упис на прв циклус студии кандидатот стекнува согласно со условите и критериумите утврдени во конкурсот за запишување студенти, а според постигнатите поени во процесот на селекција.

Кандидатот кој остварил право на упис, но во предвидениот (огласениот) рок не извршил упис, губи право на упис, а правото за запишување го стекнува следниот кандидат на ранг-листата кој претходно не заземал место во рамките на одобрената квота за запишување студенти.

Странските државјани можат да се запишуваат на студии на Универзитетот.

Странските државјани и лицата без македонско државјанство имаат право на упис на студии под еднакви услови како и македонските државјани.

Одлука за висината на школарината за странските студенти донесува Ректорската управа на Универзитетот и таа е составен дел на конкурсот за запишување студенти во соодветната учебна година.

На странските државјани може да им се ограничи или оневозможи уписот ако станува збор за студии кои се однесуваат на воено или полициско образование или студии кои се од интерес за националната безбедност.

**Член 5**

***Избришан***

***Конкурс за запишување на студии***

**Член 6**

Запишувањето на прв циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс, кој го усвојува Ректорската управа по предлог на единиците.

Конкурсот за првиот циклус на студии го објавува Универзитетот, по добиена согласност од Владата на Република Македонија.

Конкурсот за запишување на студии од прв циклус се објавува најмалку 5 месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за прв циклус на студии ги содржи:

- името на Универзитетот и неговата адреса;
- името на единицата на Универзитетот;
- називот на студиската програма;
- местото на изведување на студиската програма;
- времетраењето на студиите;
- условите за упис, утврдени со акт на Универзитетот и единиците;
- бројот на слободни места за запишување;
- критериумите за селекција;
- претходното завршено образование;
- постапките и роковите за пријавување и запишување.

***Пријава за конкурирање***

**Член 7**

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на студии до денот утврден во конкурсот.

Во пријавата кандидатот мора да назначи за која студиска програма конкурира и дали конкурира за редовни или вонредни студии.

Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во конкурсот.

***Постапка за селекција***

**Член 8**

Универзитетот ја утврдува постапката за селекција на кандидатите за запишување на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Универзитетот ги утврдува критериумите врз основа на кои се врши селекцијата и изборот на кандидатите за упис.

Наставно-научниот совет на носителот на студиската програма ги одредува елементите кои се значајни за студиската програма во постапката за селекција на кандидатите.

Наставно-научниот совет, во согласност со условите за запишување предвидени со конкурсот за запишување нови студенти на Универзитетот, може да донесе одлука за посебни услови за запишување на студиските програми кои ги изведува. Овие услови се составен дел на конкурсот за запишување нови студенти.

***Универзитетска конкурсна комисија***

**Член 9**

За следење на реализацијата на конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија.

Универзитетската конкурсна комисија е составена од 9 члена од редот на

наставниците, од научните подрачја на природно-математичките, техничко-технолошките, медицинските науки и здравството, биотехничките, општествените, хуманистичките науки и од уметностите, како и еден член од редот на студентите.

Проректорот за настава, по функција, е член и претседател на Универзитетската конкурсна комисија.

Членовите на Универзитетската конкурсна комисија ги избира Ректорската управа.

Административно-техничката поддршка на Универзитетската конкурсна комисија ја врши Стручната служба на Универзитетот.

***Надлежности на Универзитетската конкурсна комисија***

**Член 10**

Универзитетската конкурсна комисија:

- ја следи реализацијата на конкурсот на факултетите;
- се грижи за доследно почитување на одредбите во конкурсот и на Упатството за реализација на конкурсот;
- дава мислења во текот на реализацијата на конкурсот за запишување студенти;
- врши и други работи утврдени со овој Правилник и со општите и другите акти на Универзитетот.

***Конкурсна комисија на единицата***

**Член 11**

Секоја единица на Универзитетот, која има студиска програма за која е распишан конкурс за запишување нови студенти, должна е да формира своја конкурсна комисија, пред објавувањето на конкурсот за запишување нови студенти.

Членовите на конкурсната комисија ги избира наставно-научниот совет на единицата, од редот на наставниците. Со комисијата раководи продеканот за настава.

Конкурсната комисија од став 1 на овој член може да биде составена од најмногу 7 члена.

Конкурсната комисија се грижи за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во универзитетскиот конкурс за запишување нови студенти.

Конкурсната комисија, по овластување на деканатската управа, расправа по приговорите на кандидатите за запишување и донесува одлуки.

Конкурсната комисија на единицата на Универзитетот има обврска тековно да доставува податоци за текот на постапката за пријавување, селекција и запишување нови студенти до Универзитетската конкурсна комисија. Податоците се доставуваат на начин кој ќе го утврди Универзитетската конкурсна комисија.

Конкурсната комисија на единицата има обврска да подготви извештај за резултатите од запишувањето, кој го доставува до наставно-научниот совет на единицата.

***Право на приговор***

**Член 12**

Кандидатите имаат право на приговор за исправноста на постапката за селекција на кандидатите, што го доставуваат до конкурсната комисија на единицата на Универзитетот, која е носител на студиската програма за која конкурирале, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите на огласната табла.

Комисијата е должна да одлучи по приговорот на кандидатот во рок од 24 часа од неговото поднесување.

***Еднакво вреднување на странско образование***

**Член 13**

Се смета дека условите за запишување од член 3 на овој Правилник ги исполнува и лицето кое завршило образование според еднаква студиска програма во странство.

Посебните услови и постапката за запишување на лицата од став 1 на овој член се регулираат со конкурсот за запишување студенти во прва година.

**Втор циклус на студии**

***Право за пријавување на конкурс за запишување на втор циклус универзитетски студии***

**Член 14**

На студиски програми од втор циклус на универзитетски студии може да се запише лице кое завршило соодветни студиски програми од прв циклус, или студенти со завршени додипломски студии, во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, студиските програми и конкурсот за запишување на студенти на втор циклус стидии.

Универзитетот и неговите единици утврдуваат кои студии се соодветни за запишување на одделни студиски програми од втор циклус, како и условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено други студиски програми.

Лицето кое завршило стручни студии може да се запише на академски студиски програми од втор циклус, при што за запишување може да се пропише полагање на диференцијални испити, согласно со студиската програма.

***Конкурс за запишување на втор циклус студии***

**Член 15**

Запишувањето на втор циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс кој го утврдува и објавува Ректорската управа по предлог на единиците и по претходна согласност на Владата на Република Македонија.

Конкурсот за вториот циклус на студии го објавува Универзитетот.

Конкурсот за запишување на студии од втор циклус се објавува најмалку 5 месеци пред започнувањето на наставата.

Конкурсот за втор циклус на студии ги содржи:

- името на Универзитетот и неговата адреса;
- името на единицата на Универзитетот;
- називот на студиската програма;
- местото на изведување на студиската програма;
- времетраењето на студиите;
- условите за упис;
- износот на школарината;
- бројот на слободни места за запишување;
- критериумите за селекција;
- претходното завршено образование;
- постапките и роковите за пријавување и запишување.

***Пријава за конкурирање***

**Член 16**

Кандидатот е должен да поднесе пријава за конкурирање за запишување на втор циклус студии во роковите утврдени во конкурсот, со назнака за која студиска програма конкурира.

Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во конкурсот.

**Член 17**

*Избришан*

***Постапка за селекција***

**Член 18**

Наставно-научниот, односно научниот совет на носителот на студиската програма, по предлог на наставно-научен колегиум за втор циклус на студии (во натамошниот текст: колегиум), ги утврдува елементите кои се значајни за студиската програма во постапката за селекција на кандидатите.

***Право на приговор***

**Член 19**

Кандидатите имаат право на приговор за исправноста на постапката за селекција на кандидатите, што го доставуваат до колегиумот на студиската програма за која конкурирале, во рок од 24 часа од објавувањето на резултатите.

Колегиумот е должен да одлучи по приговорот на кандидатот, во рок од 48 часа од неговото поднесување.

Доколку кандидатот не е задоволен од одлуката на колегиумот, има право да поднесе жалба до наставно-научниот, односно научниот совет на единицата, или до овластена од него комисија.

Наставно-научниот, односно научниот совет или овластена комисија на единицата е должна да го разгледа приговорот на кандидатот и да донесе соодветна одлука.

Одлуката на наставно-научниот, односно научниот совет или на овластената комисија на единицата е конечна.

***Стекнување статус на студент***

**Член 20**

Статус на студент, а со тоа и член на академската заедница се стекнува со запишувањето на прв, втор и трет циклус на студии на Универзитетот.

Статусот на студент се докажува со индекс или со студентска легитимација.

Студентот запишува предмети/модули во семестри во индексот.

Студентите можат да се запишат како редовни студенти финансирани од државата и редовни и вонредни студенти со кофинансирање на студиите.

Редовните студенти континуирано го следат наставно-образовниот процес утврден во соодветната студиска програма.

Вонредните студенти студиската програма ја следат во посебно за нив организирани термини за настава.

*Права и обврски на студентите*

**Член 21**

За промена на статусот на студентот во државна квота, за мирување на правата и обврските, продолжување на прекинатите студии, премин од едни на други студии, како и престанок и обновување на статусот на студент се применуваат одредбите од Статутот на Универзитетот кои ја регулираат оваа материја.

*Ослободување од плаќање партиципација*

**Член 21-а**

На единиците на Универзитетот, ослободени од плаќање партиципација се следниве категории студенти:

- деца без родители до 26 - годишна возраст доколку се невработени;
- лица од прв и втор степен на инвалидност,
- воени инвалиди; и
- лица растени во домови за напуштени деца, до 26 - годишна возраст доколку се невработени;

Средствата за партиципација на лицата од став 1 на овој член ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

*Студент - гостин*

**Член 22**

Студент-гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата и од странство кој запишува делови од студиска програма на Универзитетот.

Статусот на студент-гостин трае најдолго една академска година.

Правата и обврските на студентот-гостин, начинот на подмирување на трошоците за неговите студии, евентуалната можност за продолжување на студиите на Универзитетот и други прашања поврзани со статусот на студентот-гостин се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит-систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга високообразовна установа.

**Организација и изведување на студиите**

*Обем и организација на студиите*

**Член 23**

Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува од 1.200 до 1.500 часа годишно.

Во случаите од став 1 на овој член, студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно.

Бројот на часовите за звањата кои се стекнуваат на секој циклус на студии кои се поврзани со вршење на регулирани професии се регулирани со закон.

По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот не смее да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно. Оптоварувањето на студентите од став 1 на овој член опфаќа предавања, вежби, семинари и други облици на студии кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и сл.), консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето и испити кои се сметаат како контакт-часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработка на дипломска (магистерска) задача.

Организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите се приспособуваат на специфичноста на студиската програма (студиски програми по уметност и други).

На студиските програми од областа на уметностите, за стручно-уметничките

наставни предмети може да се изведува и индивидуална настава.

Ако природата на студиите го овозможува тоа, со студиската програма можат да се приспособат организацијата и временското распоредување на предавањата, семинарите и вежбите според потребите на студентите (вонредни студии).

Оптоварувањето на вонредните студенти се утврдува со студиската програма на студиите.

Наставата по одредена предметна програма се изведува во рамките на еден семестар.

Обемот на практичната настава, на теренската настава или на слични активности треба да биде дефиниран во студиската програма со ЕКТС-кредити.

Редовните студенти во еден семестар запишуваат максимум до 35 ЕКТС-кредити.

На особено успешните студенти (со просечен успех од 8,5) може да им се дозволи запишување на 35 до 40 ЕКТС-кредити со цел побрзо завршување на студиите или пошироко образование.

### *Универзитетски календар и календар за настава*

**Член 24**

Универзитетскиот календар за наредната академска година се донесува од страна на Сенатот, најмалку 5 месеци пред почетокот на наредната академска година, и го објавува преку неговите гласила.

Универзитетскиот календар ги содржи рамковните одредби за почетокот и крајот на академската година, термините за одржување на наставата, испитите и државните и универзитетските празници.

Врз основа на универзитетскиот календар, наставно-научниот, односно научниот совет на единиците донесува календар за наредната академска година и го објавува преку своите гласила, најмалку 3 месеци пред почетокот на наредната тековната академска година.

### *Напредување на студентот*

**Член 25**

Студентите напредуваат во студиите преку полагање на испити за предвидени предмети/модули и преку исполнување на обврските предвидени со студиската програма.

### *Запишување семестар*

**Член 26**

Студентот може да запише нови предмети од нареден семестар, во согласност со правилата за напредување утврдени во соодветната студиска програма.

Единицата, во рамките на студиската програма, може да пропише условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити, положени и/или ислушани предмети и сл.), како услов за запишување на други предмети.

Запишувањето на предметните програми во нареден семестар се врши во период од 2 седмици пред почетокот на семестарот.

**Член 27**

При запишувањето на предметните програми, студентот најпрво ги запишува неположените задолжителни и изборни предмети од соодветниот (летен/зимски) семестар, а потоа задолжителните предмети од тековниот семестар и на крај, изборните предмети од тековниот семестар, но на тој начин што неговите вкупни студиски обврски во еден семестар да не го надминуваат бројот на ЕКТС-кредити утврден со овој Правилник.

Во зимскиот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските и предметните програми за зимскиот семестар.

Во летниот семестар се запишуваат предмети што се утврдени во студиските и предметните програми за летниот семестар.

**Член 28**

При запишувањето на предметите потребно е да се исполнат условите утврдени со студиските програми.

При повторно запишување на неположен изборен предмет, студентот има право да го замени изборниот предмет со друг изборен предмет од предметите што се активирани во соодветниот семестар како изборни предмети.

**Член 29**

Доколку во текот на студирањето дојде до промена на студиска програма, студентот што студирал според некоја од

претходните програми и го нема завршено студирањето во роковите утврдени со тие програми, го продолжува студирањето согласно со условите за премин на нови студиски програми.

*Заверка на семестар*
**Член 30**

Студентот заверува семестар со потписи од наставниците, со што се потврдува неговото исполнување на предвидените обврски.

Студентот кој не ги извршил обврските пропишани со студиската програма од поединечен предмет, не може да пристапи на испит.

*Испити*
**Член 31**

Проверката на знаењата на студентите се врши со изведување испити. Испитите се изведуваат по писмен и/или устен начин, како и на друг начин утврден со студиската програма.

На полагањето испити студентите покажуваат документ за идентификација и индекс.

*Календар и распоред на испитите*
**Член 32**

Календарот на испитите се објавува на почетокот на секоја академска година заедно со распоредот за настава и се објавува на интернет-страницата на единицата на Универзитетот.

Распоредот на термините за одржување на испитите се утврдува на тој начин што бројот на испитните термини за секој предмет/модул во секој испитен рок да може да ги опфати сите студенти кои имаат право да го полагаат тој предмет/модул.

*Пријава за испит*
**Член 33**

Студентот може да го пријави испитот по писмен или електронски пат, доколку постои можност за тоа. При електронско пријавување на испитот, студентот е должен дополнително да достави пријава за испит во материјална форма.

По писмен пат, испитот се пријавува со пријавен лист. Пријавниот лист претставува документ чијашто содржина и форма се еднообразни за сите составни единици на Универзитетот.

Во редовниот испитен рок, студентот е должен да го пријави испитот во роковите утврдени во календарот за настава.

Наставникот не е должен да прими на испит студент кој пријавата не ја поднел во предвидениот рок.

*Испитни рокови*
**Член 34**

Студентот има право да ги полага предметите во рамките на: зимскиот, есенскиот и летниот испитен рок. Испитните рокови траат најмалку 3 недели. За секој предмет во секој испитен рок може да се даваат два термина. Разликата меѓу двата термина не може да биде помала од 10 дена.

Испитите можат да се организираат непосредно по завршувањето на блок наставни содржини, односно преку колоквиуми ако се предвидени во предметната програма, а крајната оценка се утврдува на завршниот испит во редовната испитна сесија. Во крајната оценка се пресметуваат постигањата на студентот во текот на континуираното оценување.

Испитите, или некои други форми на проверка на стекнатите знаења, вештини и способности, се спроведуваат за сите предмети кои студентот ги запишал, и тоа според градивото утврдено според студиската програма.

Студентот кои ги исполнил сите обврски пропишани со соодветната предметна програма има право да полага испит.

За секој студент се води испитна документација.

Испитите се јавни и резултатите од испитите се достапни на јавноста, а право на увид во испитната документација има лице кое ќе докаже правен интерес.

Кога студентот ќе пријави испит и нема да се јави на испитот, односно не полагал, во пријавата за испит му се впишува: *не полагал* и не му се засметува во правото за полагање пред комисија.

**Оценување**
**Член 35**

Стекнатите знаења на студентите се проверуваат и се оценуваат континуирано -

во текот на наставата (колоквиуми, практични задачи, домашни задачи, уметнички настапи, уметничка наставна продукција и сл.) и се изразуваат во поени, додека конечната оценка се утврдува на завршното оценување-испит.

Со студиската програма може да се утврди дека некои облици на настава се спроведуваат без оценување или дека се оценуваат описно.

За исполнување на обврските за полагање на испитот (по делови или во целина), студентот може да оствари најмногу 100 поени или да добие позитивна оценка која се изразува од 6 (шест) до 10 (десет). Недоволниот успех се оценува со 5 (пет).

Нумеричкиот систем за оценување се споредува со системот на оценување според ЕКТС.

| | | |
|---|---|---|
| 10 | ⇒ | A |
| 9 | ⇒ | B |
| 8 | ⇒ | C |
| 7 | ⇒ | D |
| 6 | ⇒ | E |
| 5 | ⇒ | F, FX |

За одредени предмети, доколку природата на знаењата кои студентот треба да ги стекне го дозволува тоа, може да се предвиди и компјутерска проверка на знаењата во рамките на системот за објективна проверка на знаењата на Универзитетот.

Завршното оценување задолжително се запишува во индексот и во пријавата за завршно оценување.

Резултатите од континуираното оценување, освен кај предметниот наставник, се евидентираат и се чуваат во рамките на институтот, односно катедрата. Начинот на чување го утврдува раководителот на институтот, односно катедрата.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите, вклучувајќи го и завршниот испит, односно дипломскиот труд.

**Член 36**

Оценките кои студентите ги добиле во проверката на нивните знаења се објавуваат на јавно место (огласна табла), во рок од 7 дена од спроведената проверка, односно од денот на полагањето на испитот.

Наставниците се должни, по барање на студентот, да обезбедат увид во прегледаниот труд и добиената оценка, во рок од 5 (пет) дена од објавувањето на резултатите.

Испитите се изведуваат јавно и транспарентно.

Не смеат да се изведуваат испити за само еден студент без присуство на други лица (студент, асистент, друг наставник).

Наставникот е должен да му го соопшти постигнатиот резултат од усниот испит на студентот веднаш по завршувањето на испитот.

***Предмет на оценување***

**Член 37**

Предмет на оценување во рамките на предметната програма можат да бидат:

- успешно реализирани вежби;
- успешно реализирана практична работа;
- изработка на семинарска работа;
- теренска работа;
- самостојна/домашна работа;
- изработени или реализирани проекти;
- успешно завршени курсеви;
- други активности предвидени со предметната програма.

***Начин на оценување***

**Член 38**

Оценувањето може да биде квантитативно или описно, или квантитативно и описно. Завршното оценување се изразува квантитативно со оценка од 5 (пет) до 10 (десет). Оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Завршната оценка за соодветна предметна програма може да биде изразена и со квалитативни мерки, како дополнение на квантитативните мерки. Оценувањето може да биде преку писмени и/или усни испити или на друг начин утврден во студиската програма. Пропорцијата помеѓу обемот на континуираното и завршното оценување ја определува носителот на предметната програма.

Преку континуираното оценување, студентот се оценува за секоја активност пропишана во соодветната предметна

програма, преку: кредитните поени, процентот на оптовареност или индексните единици.

Завршното оценување за соодветна предметна програма може да биде по писмен и/или устен пат.

Оценката добиена од континуираното оценување и оценката добиена од завршното оценување ја сочинуваат вкупната оценка (од минимална до максимална). Положен испит е услов да се стекне потребниот број кредити пропишан со предметната програма.

Единицата на Универзитетот може да воведе завршен испит за одредена студиска програма или изработка на дипломски труд.

Видот, карактерот и начинот на реализација на завршните испити за соодветни студиски програми ги определува носителот на програмата.

***Обврски на наставникот***

**Член 39**

Наставникот е должен да го отстрани студентот од проверката на знаеања, односно од полагање на испитот поради недолично однесување, попречување на другите студенти или поради користење на недозволиви помагала.

Наставникот е должен да ги внесе оценките во електронскиот систем и во пријавите за испит.

Наставникот е должен оценките да ги внесе во електронскиот систем и во пријавите за испит и пријавите за испит со внесени оценки да ги достави до службата за студентски прашања во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за увид.

***Приговор заради оценка од проверка на знаењето***

**Член 40**

Студентот, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите, може да поднесе приговор до деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот, ако не е задоволен од завршното оценување, односно од оценката или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со законот, Статутот и овој Правилник.

Ако деканот/директорот утврди дека се исполнети условите од став 1 на овој член, наставникот е должен да ја преиспита оценката од завршното оценување или дел од завршното оценување во рок од 48 часа од доставувањето на одлуката на деканот до наставникот. Ако наставникот не ја преиспита или ако во писмена форма ја потврди оценката што ја утврдил, студентот испитот го полага пред трочлена комисија составена од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје, во наредните 24 часа, наредниот работен ден.

Комисијата ја формира деканот, односно директорот, а предметниот наставник не може да биде член на комисијата. Комисијата одлучува со мнозинство гласови.

Студентот е должен да ја прифати оценката од повторното полагање на испитот и во случај кога оценката е помала од одбиената оценка или, пак, е негативна.

Студентот има право да го повлече приговорот до повторното полагање на испитот.

**Член 40-а**

Ако наставникот двапати го оцени испитот на студентот со оценка ,,5", студентот има право да побара од деканот, односно директорот на единицата да формира трочлена комисија од наставници од исто или сродно наставно-научно подрачје пред која студентот ќе го полага испитот. Наставникот кај кого полагал студентот не е член на комисијата од претходниот став на овој член.

***Повторување на испит***

**Член 41**

На студентот, понегово барање, му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по предметна програма, во период од најмногу четири месеци од полагањето.

Барањето за повторување на испит мора да биде образложено и се доставува до деканот. Доколку се прифати барањето, деканот со решение ја поништува оценката. Наставникот, во тој случај, во пријавата ја запишува оценката што ја дал и до неа запишува: *студентот ја поништува оценката*. Таа оценка не се смета како завршна оценка за конкретниот предмет/модул. Решението на деканот е составен дел на пријавата.

Оценката добиена на повтореното завршно оценување е конечна и студентот

нема право да го повтори завршното оценување.

*Конфликт на интереси*
**Член 42**

Во случаите кога предметниот наставник и студентот се во роднинска врска: син, ќерка, снаа, зет, брат, сестра, сопруга или сопруг, наставникот е должен да се изземе при полагањето на предметната програма, односно испит и за тоа да го извести деканот, односно директорот на единицата.

Деканот, односно директорот на единицата, спроведувањето на испитот го доверува на друг наставник од исто или сродно наставно-научно подрачје или на посебна компетентна испитна комисија, составена од три члена.

*Пренесување на надлежности за спроведување на испити*

**Член 43**

Во случај на спреченост на предметниот наставник, деканот, односно директорот може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испитите по конкретниот предмет на друг наставник од иста или сродна струка или на комисијата за спроведување на испит.

**Завршување на студиите**
**Член 44**

Студентот ги завршил студиите од прв циклус кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани дипломски труд или ќе положи завршен испит. Со завршувањето на студиите од прв циклус, студентот се стекнува со најмалку 180, односно 240 ЕКТС-кредити.

Студентот ги завршил студиите од втор циклус кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани стручен, односно магистерски труд, односно ќе изработи и/или ќе изведе уметничко дело. Со завршувањето на студиите од втор циклус и освоените кредити од првиот циклус, студентот се стекнува со најмалку 300 ЕКТС-кредити.

Со завршувањето на студиите во согласност со овој член, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права согласно со посебните прописи.

**Член 44 - а**

Бројот на кредитите за студиите кои се поврзани со вршење на регулирани професии изнесува најмалку 300, односно 360 ЕКТС - кредити, доколку поинаку не е уредено со закон.

За завршувањето на студиите за регулирани професии соодветно се применуваат одредбите од членот 44 од овој Правилник.

*Дипломски труд*
**Член 45**

На единицата на Универзитетот на која е воведена изработка на дипломски труд, студентите имаат право и должност да пријават и да одбранат дипломски труд од подрачјето на кое ги завршуваат студиите.

Насловот и тезите на дипломскиот труд ги предлага предметниот наставник од избраната дисциплина во договор со студентот.

Дипломскиот труд може да се вреднува со 5 – 10 кредити, а неговата успешна одбрана со оценка од 6 (шест) до 10 (десет).

Студентот може да пријави дипломски труд доколку има освоено минимум 140 ЕКТС- кредити на тригодишните студиски програми, односно 200 ЕКТС-кредити на четиригодишните студиски програми.

Деканот, по предлог на кандидатот-студент, ги определува менторот и темата за изработка и формира комисија за оцена и одбрана на дипломскиот труд.

Одредбите кои ги дефинираат спецификите на дипломскиот труд се дел од студиската програма.

*Одбрана на дипломски труд*
**Член 46**

Одбраната на дипломскиот труд се спроведува откако студентот ќе ги положи сите предвидени предмети/модули и ќе ги исполни условите и сите свои обврски спрема студиската програма.

Одбраната на дипломскиот труд се врши пред комисија од 3 члена, од кои едниот е менторот.

Менторот, во договор со студентот, го определува денот на одбраната на дипломскиот труд.

Комисијата од став 2 на овој член, по одбраната на дипломскиот труд, дава оценка од 5 до 10, при што оценката 5 значи дека дипломскиот труд не е успешно одбранет.

За успешно одбранет дипломски труд се пополнува посебен образец, кој го потпишуваат членовите на комисијата.

Комисијата одлучува со мнозинство на гласови. Доколку еден од членовите на комисијата има спротивно мислење, тој е должен да достави свој извештај до деканот на единицата.

Пријавата за дипломски труд со насловот на темата, составот на членовите на комисијата и оценката од дипломската работа се приложуваат во досието на студентот.

***Стручен, односно магистерски труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело***

**Член 47**

За постапката за пријава, оцена и одбрана на стручен, односно магистерски труд, односно изработка и/или изведба на уметничко дело, непосредно се применуваат одредбите од член 225 до член 233 од Статутот на Универзитетот и одредбите од овој Правилник.

Наставно-научниот, односно научниот совет ја формира комисијата за оцена на стручниот, односно магистерскиот труд во рок од 45 дена од денот на доставувањето на трудот.

Комисијата за оцена на стручниот, односно магистерскиот труд (во натамошниот текст: комисијата) е должна да го прегледа трудот и на студентот писмено да му ги достави евентуалните забелешки во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Комисијата може да му го врати на кандидатот трудот со забелешките за доработка најмногу двапати и да му определи рок да постапи по нив.

Комисијата го изготвува извештајот во кој дава оценка и образложение на трудот, најдоцна во рок од 3 месеци од денот на предавањето на трудот.

Наставно-научниот, односно научниот совет формира комисија за одбрана и го определува денот на одбраната, во рок од 15 дена од прифаќањето на извештајот на комисијата.

Одбраната на трудот е јавна и се објавува на огласната табла на единицата, најмалку 7 дена пред денот на одбраната.

За текот на одбраната се води записник во кој се внесува оценката од одбраната. Записникот се потпишува од страна на членовите на комисијата.

**Член 47-а**

Магистерскиот, односно стручниот труд се пишува на македонски јазик.

Доколку студиската програма се реализира на еден од светските јазици, магистерскиот, односно стручниот труд се пишува на соодветниот јазик со превод на македонски јазик.

На групите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје на кои наставата се изведува на албански и на турски наставен јазик, магистерскиот, односно стручниот труд може да се пишува на соодветниот јазик со задолжителен превод на македонски јазик. Магистерскиот, односно стручниот труд може да се брани на соодветниот јазик со задолжителен превод на македонски јазик.

***Уверение, диплома и додаток на дипломата***

**Член 48**

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма за усовршување или само дел од студиската програма за стекнување на образование му се издава уверение за завршениот дел од студиската програма, кое содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

На студентот кој ќе ги изврши сите обврски според студиската програма за добивање високо образование во кој било циклус на образование, врз основа на евиденцијата што се води за него, Универзитетот му издава диплома.

Со дипломата се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв или втор циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додатокот на дипломата (Диплома Супплемент).

Дипломата и додатокот на дипломата на Универзитетот се потпишуваат од страна на ректорот и деканот, односно директорот на единицата на Универзитетот или придружната членка и се оверуваат со сув печат на Универзитетот.

На студиските програми организирани од две или повеќе единици на Универзитетот, заедничката диплома и додатокот на дипломата ги потпишуваат овластените лица на високообразовните установи кои организираат студиска програма за стекнување заедничка диплома и ректорот на Универзитетот.

Уверението и дипломата се јавни исправи.

***Промоција***

**Член 49**

Промоцијата претставува свечено врачување на дипломите за завршени студии.

Дипломите од првиот и вториот циклус на универзитетски студии и на интегрираните студии ги врачува деканот, односно директорот на единицата.

**Преодни и завршни одредби**

*(од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии -Универзитетски гласник бр. 141/ 2009)*

**Член 50**

Начинот на селекција на кандидатите за запишување на прв циклус студии, кои завршиле четиригодишно средно образование во претходните учебни години без полагање државна матура (пред учебната 2007/2008 година), се утврдува во конкурсите за запишување студенти на прв циклус студии.

**Член 51**

За студентите запишани пред влегувањето во сила на овој Правилник непосредно се применува член 371 од Статутот на Универзитетот.

**Член 52**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Преодни и завршни одредби**

*(од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв и втор циклус универзитетски студии -Универзитетски гласник бр. 256/ 2013)*

**Член 41**

Ректорската управа може да донесува упатства за начинот и постапката за реализација на одредбите од овој Правилник.

**Член 42**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник, а ќе се применува од учебната 2013/ 2014 година.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**